НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14,153/15 и 6/16), член 40 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и точка 9 од Одлуката за начинот и постапката на известување за трансакции со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/14), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**У П А Т С Т В О**

**за дополнување на Упатството за начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања од странство**

1. Во Упатството за начинот на известување за состојбата и промените на капиталот и на меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувања од странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/14 и 200/16), во точка 3 се додаваат два нови става 1 и 2, кои гласат:

„Претпријатијата во кои се инвестира се обврзани да ја известуваат Народната банка за состојбата и промените на капиталот и меѓукомпанискиот долг на капитално поврзаните субјекти врз основа на вложувањата од странство, доколку се избрани во примерокот на известувачи, а согласно со подзаконскиот акт кој ги регулира начинот и постапката на известување за трансакциите со нерезиденти. Претпријатијата во кои се инвестира ќе бидат соодветно писмено известени за вклучувањето во примерокот. Обврската за известување трае сѐ до нивното отповикување по пат на писмено известување од страна на Народната банка.

„По исклучок од став 1 на оваа точка, претпријатијата во кои се инвестира со организациска форма „акционерско друштво" се ослободуваат од обврската да известуваат за вложувањата на нерезиденти – портфолио-инвеститори (помалку од 10% учество во издадените акции), додека за сите други видови инвеститори (директен инвеститор, индиректен инвеститор и инвеститор со хоризонтална поврзаност во синџирот) обврската за известување останува во сила".

Ставовите 1,2,3,4,5 и 6 стануваат ставови 3,4,5,6,7 и 8.

Во ставот 1 кој станува став 3 зборот: „Претпријатието" се заменува со зборовите: „Согласно со став 1 и став 2 од оваа точка, претпријатието".

2. Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

У бр. 38039
13.12.2017 година
Скопје

Гувернер
Димитар Богов